Република Северна Македонија
**Државен завод за индустриска сопственост**

[redacted]

Бр. 01-450/1-2021
Дата 14.04.2021

SOIP

**Државен завод за индустриска сопственост**
ул. 11октомври бр. 25,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3103 601
Сајт: http://ippo.gov.mk

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 27/16,35/18,198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19 и 14/2020), в.д. директорот на Државниот завод за индустриска сопственост донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување на
## Правилникот за систематизација на работните места во Државниот завод за индустриска сопственост

**Член 1**

Со овој Праилник се врши изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Државниот завод за индустриска сопственост бр. 01-1863/1 од 30.10.2015 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Заводот бр. 01-309/1 од 21.02.2018 година, бр. 01-1196/1 од 12.08.2019 година, бр. 01-846/1 од 13.07.2020 година и бр. 01-1437/1 од 14.12.2020 година, и тоа:

**Член 2**

Во делот III. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ во “Сектор за општи работи” во “Одделение за прием и обработка на документација” кај работното место под реден број “48а” со шифра УПР 0101 Г01 000 со назив на работно место: “Самостоен референт - архивар”, во делот “Вид на образование” зборот **“или”** се брише, а после зборовите “Правна насока” се додаваат зборовите **“или Средно стручно стенодактилографско-биротехничко училиште”.**

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

в.д. ДИРЕКТОР,
м-р Горан Герасимовски